# Активности на СММ
# Во учебната 2013/2014

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА

Меѓународен натпревар КЕНГУР 2014 - II Соопштение

Регионален натпревар за учениците од основното образование, 2014 година

V Конгрес на математичари на Македонија - II Соопштение

Книги и списания во издание на Сојузот на математичари на Македонија

www.smm.org.mk
www.smm.com.mk

Скопје, февруари 2014

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА

www.smm.org.mk /www.smm.com.mk

Сојуз на математичари на Македонија

Бул. Александар Македонски бб, п.ф. 10 , 1130 Скопје, тел. 02 3116053

Жиро с-ка: 300000001276071, ЕДБ 4030991121596, депонент:

Комерцијална банка Скопје, со назнака за Кенгу 2014

До Директорот,
Активот на математичари
и Активот на одделенски наставници

**Предмет:** Известување за Меѓународниот математички натпревар КЕНГУР 2014 - Второ соопштение

Во рамките на своите активности одобрени од Министерството за образование и наука на Република Македонија, Сојузот на математичари на Македонија ќе го организира Меѓународниот математички натпревар КЕНГУР во 2014 година, кој ќе се одржи на 20.03.2014 година со почеток во 11 часот, за учениците од:

1 одделение од деветолетка;
2 и 3 одделение од деветолетка;
4 и 5 одделение од деветолетка;
6 и 7 одделение од деветолетка;
7 и 8 одделение од основните училишта;
1и 2 година од средните училишта;
3и 4 година од средните училишта

(традиционално по категории).

Пријавувањето на учениците да биде од одговорните наставници кои ќе учествуваат во спроведувањето на натпреварот. За ефикасно организирање на натпреварот пожелно е да се формираат локални одбори (за едно училиште, или за повеќе училишта заедно, а по можност и за еден град или регион) со одговорен наставник за контакти.

За пријавување на натпреварот, секој учесник треба да уплати по 130,00 денари, за покривање на трошоците за организација на натпреварот. Минимален број на учесници во една пријава е 10. Дел од уплатените средства останува за организција на натпреварот на локално ниво, и тоа:

за пријава со над 300 учесници, 45 денари по учесник;
за пријава од 100 до 300 учесници, 34 денари по учесник;
за пријава од 40 до 99 учесници, 23 денари по учесник;
за пријава од 10 до 39 учесници, 12 денари по учесник.

Секој учесник на натпреварот, традиционално ќе добие мала награда. За учесниците со најдобри резултати предвидени се награди, дипломи, пофалби. **Секој наставник, ментор на ученици, ќе добие потврда за учество на натпреварот.** Секое училиште кое има учесници на натпреварот ќе добие соодветна документација за одржаниот натпревар.

**За ефикасно спроведување на натпреварот, рокот на пријавување и уплата на средствата да биде извршена до 01 март 2014 година** (уплатата на средствата да биде групна, а не секој посебно, најдоцна до - 04.03.2014).

Пријавувањето и комуникацијата да биде задолжително по e-mail на адресите: kangorou.macedonia@gmail.com или kangaroo.macedonia@gmail.com и тоа напишано во **Excel табела** во **7 (седум)** графи по овој редослед: **Реден број, име и презиме на ученикот натпреварувач (во една графа), одделение, училиште, град, село (ПОДАТОЦИТЕ ДА СЕ ВНЕСУВААТ СО МАКЕДОНСКА ПОДДРШКА: азбуката која ја има самиот систем) име и презиме на ментор на ученикот.** Во истиот документ да се назначи и **одговорен наставник** или **претставник** со полно име и презиме и телефонските броеви (на работа и дома или мобилен). Податоците на учениците и училиштето да бидат точно напишани со цел дипломите да бидат веродостојни. Во спротивно, исправки на истите нема да се прават.

**Во порачката и при уплатата на средствата да се наведе име и презиме на лицето што уплатило, висина на средствата и датумот на уплатувањето, и училиштето и градот за која е извршена уплатата со назнака за КЕНГУР 2014.**

ОД ОВАА ГОДИНА ЌЕ ИМА ПРЕВОД НА ЗАДАЧИТЕ НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК ЗА СИТЕ 6 КАТЕГОРИИ.

Ако има доволно пријавени учесници со албански наставен јазик или на јазиците на другите националности (најмалку 700 по категорија), натпреварот ќе се одржи и на албански јазик или некој друг јазик од националностите.

Напоменуваме дека натпреварот е од меѓународен карактер и дека досега добиените дипломи, пофалници и потврди од овој натпревар беа вреднувани при уписите во средните училишта и на некои факултети, како и при аплицирање за стипендии при МОН.

**Лице и телефон за контакт: Алекса Малчески, 075 926950.**

**Оваа учебна година во некои училишта, учесници на натпреварот, ќе бидат испратени делегати-набљудувачи на натпреварот како и поинаков систем на организација на натпреварот.**

**Во секоја пријава обавезно да се наведе точното име и презиме на ДИРЕКТОРОТ на училиштето.**

Скопје, 12.02.2014 година

Со почит, Претседател на СММ
Проф. Алекса Малчески

До
Директорот
и професорите по математика
при______________________

**Предмет:** Известување за регионалениот натпревар по математика за учениците од основното образование во учебната 2013/2014год.

Ве известуваме дека Регионалниот натпревар по математика за учениците од основното образование ќе се одржи на 29.03.2014 година во исто време во сите региони со почеток од 9 часот и со времетраење од 120 минути.

Регионалниот натпревар ќе се реализира во 22 региони и тоа:

**1.** Берово, Делчево, Пехчево, Македонска Каменица Русиново - **ОУ Ванчо Китанов - Пехчево, одговорен наставник и пријавување на - Маја Самарџиски 070 680701, тел./факс 033 441126; e-mail:** pavlevska_maja@yahoo.com; vanco.kitanov@yahoo.com

**2.** Битола, Ресен, Бистрица, Новаци, Демир Хисар, Бач, Сопотница, Стара Вина, Могила, Кукуречани, Цапари, Добрушево - **ОУ Коле Канински - Битола, одговорен наставник и пријавување - Жаклина Пеева 075 271505; e-mail:** zspeeva@gmail.com

**3.** Велес, Свети Николе, Богомила, Градско, Лозово, Чашка, Извор - **ОУ Благој Кирков - Велес, одговорен наставник и пријавување на - Сениха Брзева 075 294099, e-mail:** senihabrzeva@yahoo.com

**4.** Гевгелија, Стар Дојран, Богданци, Миравци, Валандово - **ОУ Кочо Рацин - Нов Дојран, одговорен наставник и пријавување на - Ѓорѓи Атанасов 071 207484, тел./факс 034 227237; e-mail:** gorgeatanasov@yahoo.com

**5.** Гостивар, Неготино (Полошко), Врапчиште, Маврови Анови, Чегране, Долна Бањица, Вруток - **ОУ Единство - Гостивар, одговорен наставник и пријавување на - Велимир Ѓорѓиевски 077 939386; тел. 042 218056; e-mail:** velimirgorgeski@hotmail.com

**6.** Дебар, Ростуше, Центар Жупа - **ОУ Братство Единство - Дебар, одговорен наставник и пријавување на - Редифе Рамадановска 071 228823, тел. 046 831064; e-mail:** ramadanovska_redife@hotmail.com

**7.** Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија, Конопишта - **ОУ Димката Ангелов Габерот - Демир Капија; одговорен наставник и пријавување на - Стојче Димитров 070 364359, тел./факс 043 366202; e-mail:** dimitrovstojce@yahoo.com

**8.** Кичево, Другово, Осломеј, Вранештица, Зајас, Србиново - **ОУ Мирче Ацев - с. Лисичани; одговорен наставник и пријавување на - Ана Стојановиќ и Зоран Ристевски 078 454777, тел. 045 228750; 045 224750; e-mail:** zoristevski@gmail.com

**9.** Кочани, Виница, Чешиново, Блатец, Облешево, Зрновци, Оризари - **ОУ Синиша Стоилов - Зрновци; одговорен наставник и пријавување на - Јана Јорданова 078 712277, тел. 033 353052; e-mail:** jordanova.jana@yahoo.com

**10.** Крива Паланка, Кратово, Ранковце - **ОУ Илинден - Крива Паланка; одговорен наставник и пријавување на - Снежана Златковска 078 366384, тел./факс 031 375078; e-mail:** ouilinden@yahoo.com

**11.** Куманово, Липково, Орашец, Клечовце, Старо Нагоричане - **ОУ Толи Зордумис - Куманово; одговорен наставник и пријавување на - Слаѓана Николовска 070 381461, тел. 031 412311; e-mail:** nikolovska_slagjana@yahoo.com

**12.** Охрид, Белчишта, Косел, Мешеишта - **ОУ Христо Узунов - Охрид; одговорен наставник и пријавување на - Борис Лушески 078 496045; web portal: www.matematicaohrid.wordpress.com**

**13.** Прилеп, Крушево, Долнени, Тополчани, Житоше, Кривогаштани, Витолиште, Македонски Брод, Самоков, Пласница - **ОУ Кочо Рацин - Прилеп; одговорен наставник и пријавување на - Александра Христовска 076 949491, тел. 048 425772; e-mail:** aleksandra_h@yahoo.com; kocoracinprilep@yahoo.com

**14.** Скопје - Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кондово - **ОУ Мирче Ацев - Скопје; одговорен наставник и пријавување на - Венера Накова Чешелковска 078 243405, тел. 02 2041509; e-mail:** venera.nakova@yahoo.com; ouma.skopje@gmail.com

**15.** Скопје - Кисела Вода, Аеродром - **ОУ Ќирил Пејчиновиќ - Кисела Вода - Скопје; одговорен наставник и пријавување на - Ирена Стефанова 078 423246, тел. 02 2776643; e-mail:** irena_stefanova@yahoo.com

**16.** Скопје - Гази Баба- **ОУ Кочо Рацин - с.Петровец - Скопје, Скопје; одговорен наставник и пријавување на - Билјана Тасевска 075 207073, тел./факс 02 2561342; e-mail:** biljanatasevska@yahoo.com

**17.** Скопје - Чаир - **ОУ Живко Брајковски - Бутел - Скопје; одговорен наставник и пријавување на - Елена Апостолоска 077 891353, тел. 02 2621412; е-маил:** elenisimo@gmail.com

**18.** Скопје - Центар - **ОУ Кочо Рацин - општина Центар - Скопје; одговорен наставник и пријавување на - Весна Бојаџиева 075 301205 и Зорица Настовска 070 349442; e-mail:** vesnabojadzieva@yahoo.com; zorican@gmail.com; koco_racin@yahoo.com.mk

**19.** Струга, Вевчани, Луково, Делогожда, Лабуништа, Велешта - **ОУ Јосип Броз Тито - Струга, одговорен наставник и пријавување на - Илија Петковски 075 397 907; тел./факс 046 786 044; е-маил: jbt.struga@gmail.com**

**20.** Струмица, Ново Село, Василево, Босилово, Куклиш, Муртино, Радовиш, Конче, Подареш - **ОУ Сандо Масев - Струмица; одговорен наставник и пријавување на - Снежана Стојкова 075 420542, тел./факс 034 325532; e-mail:** snezana_stojkova@yahoo.com

**21.** Тетово, Џепчиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Јегуновце, Вратница - **ПСУ Јахја Кемал - Тетово, автопат Тетово - Гостивар; одговорен наставник и пријавување на - Премтим Мемеди 071 386342, контакт тел. 044 455095, факс 044 344617; e-mail:** premtim.memedi@ykc.edu.mk

**22.** Штип, Пробиштип, Злетово, Карбинци - **ОУСлавејко Арсов - Штип; одговорен наставник и пријавување на - Весна Жежова 078 473922, тел./факс 032 606590; e-mail:** vesnazezova@yahoo.ca ; ou_slavejkoarsov@yahoo.com

На Регионалниот натпревар учествуваат учениците од основното образование од IV до VIII одделение. Училиштето кое има до 10 паралелки од IV до VIII одделение на Регионалниот натпревар учествува со 8 натпреварувачи. Училиште кое има повеќе од 10, а не повеќе од 15 паралелки од IV до VIII одделение на Регионалниот натпревар учествува со 12 натпреварувачи. Училиште со над 15 паралелки од IV до VIII одделение на Регионалниот натпревар учествува со 14 натпреварувачи. На регионалниот натпревар надвор од горенаведените критериуми учествуваат учениците кои на минатогодишниот Републички натпревар освоиле награда. Училиштето домаќин на Регионалниот натпревар може да учествува со по еден натпреварувач повеќе во секое одделение, надвор од пропишаниот број на натпреварувачи.

**Ве молиме пријавата за учество на Регионалниот натпревар да ја доставите до училиштето домаќин во соодветниот регион најдоцна 15 дена пред натпреварот.**

(Во пријавата треба да биде наведено, читливо, името и презимето на секој ученик натпреварувач).

**Секое училиште кое учествува на натпреварот е должно да делегира НАЈМАЛКУ еден член во комисијата за прегледување на задачи.**

**ПРИЈАВУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТАТА ДА БИДЕ СО СПИСОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА. УЧИЛИШТАТА ДОМАЌИНИ ДА НАПРАВАТ ЕДИНСТВЕН СПИСОК ПО ОДДЕЛЕНИЈА И ПО НАТПРЕВАРОТ СО КОМПЛЕТНИ ПОДАТОЦИ ДА СЕ ДОСТАВАТ НА АДРЕСА: sojuz.na.matematicari@gmail.com или на адреса aleksa@mf.edu.mk заради брзо составување и објавување на единствена ранг листа на државно ниво.**
**РЕЗУЛТАТИТЕ И СИТЕ ИНФОРМАЦИИ ПРАТЕТЕ ГИ НА СТРАНИТЕ НА СММ: www.smm.org.mkили; www.smm.com.mk**

**Напомена: Најдоцна до 22.03.2014 год. училиштата домаќини да не известат за бројот на натпреварувачи по одделенија, и доколку има ученици на албански и турски јазик, нивниот број по одделенија да ни се најави на телефонот 02 3116053 или во електронска форма на горенаведените електронски адреси.**

На натпреварот ќе бидат дадени 5 задачи кои ќе се вреднуваат со вкупно 100 бода.

Изборот на задачи ќе биде:

- 2 задачи од списанието НУМЕРУС во издание на СММ, од рубриките Конкурсни задачи и подготвителни задачи за натпревари;
- 3 задачи по избор на комисијата за задачи за натпревари во основното образование при СММ.

Скопје, 12.02.2014 година

Со почит, Претседател на СММ
Проф. Алекса Малчески

# Второ соопштение за V Конгрес на математичарите на Македонија



**24 – 27 септември 2014**
**Охрид, Република Македонија**

**Организиран од Сојузот на математичари на Македонија**

Почитувани колеги,

Со особено задоволство Ве информираме дека V Конгрес на математичарите на Македонија ќе се одржи во Охрид од 24 до 27 септември 2014 година во организизација на Сојузот на математичари на Македонија.

Организациониот одбор на V Конгрес на математичарите на Македонија Ве поканува да учествувате на оваа јубилејна средба којашто има меѓународен карактер. Целта на Конгресот е да придонесе во развојот на математиката и нејзините примени, а и да овозможи соработка меѓу научните работници и наставниците по математика од Македонија и светот.

**ОБЛАСТИ**

- Алгебра
- Веројатност и статистика
- Геометрија и диференцијална геометрија
- Диференцијални равенки
- Историја и методика на математиката и информатиката
- Математички аспекти на компјутерски науки
- Математички методи и моделирање
- Нумеричка оптимизација и апроксимации
- Реална и комплексна анализа
- Топологија и динамички системи
- Финансиска математика, актуарска математика и моделирање во економија
- Други области

Во рамките на Конгресот ќе има неколку работилници кои ќе ги опфатат следниве теми:

- Наставни планови и програми по математика,
- Тестирање и оценување - актуелни трендови во математичкото образование,
- Откривање и работа со ученици кои се надарени за математика,
- Геогебра,
- Примена на ИКТ во наставата.

Предлози за други теми за работилници се добредојдени. Можете да го поднесете Вашиот предлог до претседателот на Програмскиот одбор до 15 април 2014 година.

Котизацијата за учесник на работилница којшто има презентација е 40 €, а котизацијата за учесник на работилница којшто нема презентација е 10 €.

Презентираните трудови, откако ќе бидат рецензирани, ќе бидат објавени во:

- Зборник на трудови од V конгрес на математичарите на Македонија, кој ќе биде објавен по одржувањето на конференцијата,
- Математички Билтен (Bulletin Mathématique de la Société des Mathématiciens de la République Macédoine - рефериран во Mathematical Reviews, Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика").

Официјални јазици на Конгресот се македонски и англиски.

## ВАЖНИ ДАТУМИ

| | |
|---|---|
| Регистрација: | 15 април 2014 |
| Поднесување на предлог за работилница: | 15 април 2014 |
| Поднесување на апстракт: | 15 мај 2014 |
| Известување за прифаќање: | 31 мај 2014 |
| Краен рок за плаќање на котизација: | 01 септември 2014 |
| Поднесување на целиот труд: | 30 ноември 2014 |

## РЕГИСТРАЦИЈА

On line регистрацијата е достапна на интернет-страницата на Конгресот: http://www.cmm2014.ukim.edu.mk

## КОТИЗАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Учесници | **120 €** |
| Придружни лица | **30 €** |

Котизацијата за учесниците опфаќа: конференциска торба, книга со апстракти, коктел по свеченото отворање, кафе паузи, една екскурзија, свечена вечера, пристап до сите предавања и работилници, пристап до интернет, Зборник на трудови од Конгресот и Математички билтен, што ќе бидат испратени дополнително, по објавувањето.

Котизацијата за придружните лица опфаќа: коктел по свеченото отворање, една екскурзија, свечена вечера и пристап до интернет.

Организациониот одбор на Конгресот одобрува попуст за студенти на претходно поднесено барање.

Ве молиме, плаќањето на котизацијата да го направите на следнава сметка:

| За плаќања од странство: | За плаќања од домашни банки: |
|---|---|
| **Beneficiary:** SOJUZ NA MATEMATICARI NA MAKEDONIJA | **Корисник:** СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА |
| **Bank name:** Komercijalna Banka AD Skopje | **Банка:** Комерцијална банка – АД Скопје |
| **Account:** 0270100300114 | **Жиро сметка:** 300000001276071 |
| **IBAN:** MK07300701003001147 | **Цел на уплата:** Котизација за учество на CMM 2014 |
| **Indication:** Participation fee for CMM 2014 | |

При уплатата треба да наведете дека сите банкарски трошоци се на Ваш трошок.

## ПОДНЕСУВАЊЕ АПСТРАКТ

Информации за поднесување апстракт има на интернет-страницата на Конгресот.

**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА КОНГРЕСОТ**

Конгресот ќе се одржи во прекрасниот Охрид, нашиот бисер на Охридското Езеро.



**ЕКСКУРЗИИ**

Ќе бидат организирани неколку екскурзии:

*А. Пелистер - Битола - Хераклеа.*

*Б. Разгледување на стариот град во Охрид.*

*В. Екскурзија со брод до изворите на реката Дрим и манастирскиот комплекс Свети Наум на југоисточната страна од Охридското Езеро.*

*Г. Струга - Вевчани.*







Дополнителни информации ќе најдете на:
http://www.exploringmacedonia.com и http://macedoniatimeless.com

**СМЕСТУВАЊЕ**

Конгресот ќе се одржи во Хотел Метропол и Хотел Белви, Охрид. Дополнителни информации можете да најдете на: http://www.metropol-ohrid.com.mk/.

Ценовникот за сместување е:

| | Двокреветна соба | Еднокреветна соба |
|---|---|---|
|Ноќевање со појадок | 28 € | 38 € |
| Полупансион | 30 € | 40 € |
| Полн пансион | 32 € | 42 € |

Бројот на еднокреветни соби е ограничен.

Резервација за сместување може да направите на:

Тел: +(389) 46 203001 Фах: +(389) 46 277212

Email: info@metropol-ohrid.com.mk, sales@metropol-ohrid.com.mk

| ПРОГРАМСКИ ОДБОР | ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР |
|---|---|
| **Претседател:** | **Претседател:** |
| Никита Шекутковски | Весна Манова-Ераковиќ |
| **Потпретседател:** | **Потпретседател:** |
| Весна Манова-Ераковиќ | Алекса Малчески |
| **Членови:** | **Членови:** |
| Gabriela Apreutesei, Romania | Слаѓана Брсакоска |
| Tatjana Atanasova-Pacemska, R.Macedonia | Весна Целакоска-Јорданова |
| Toni Chehlarova, Bulgaria | Валентина Миовска |
| Anca Croitoru, Romania | Златко Петковски |
| Dragan Djordjevic, Serbia | Петар Соколоски |
| Argyris Fellouris, Greece | Зоран Трифунов |
| Radu Gologan, Romania | Никола Тунески |
| Miloica Jacimovic, Montenegro | |
| Petar Kenderov, Bulgaria | |
| Nikola Koceic Bilan, Croatia | |
| Aleksandar Lipkovski, Serbia | |
| Yuri Lisica, Russia | |
| Aleksa Malceski, R. Macedonia | |
| Gregory Makrides, Cyprus | |
| Vlasta Matijevic, Croatia | |
| Romeo Mestrovic, Montenegro | |
| Stevan Pilipovic, Serbia | |
| Doru Stefanesku, Romania | |
| Nikola Tuneski, R. Macedonia | |

**КОНТАКТ**

Организационен одбор на V конгрес на математичарите на Македонија
Сојуз на математичари на Македонија
Бул. Александар Македонски бб., П. Фах 10, 1130 Скопје, Р. Македонија
Тал: +389 75 897 187, +389 70 292 605
E-mail: cmm2014@ukim.edu.mk
http://www.cmm2014.ukim.edu.mk

# ВАШ ВЕРЕН ПРИДРУЖНИК ВО СВЕТОТ НА МАТЕМАТИКАТА

## ЕДИНСТВЕНИ НАУЧНО ПОПУЛАРНИ СПИСАНИЈА ПО МАТЕМАТИКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ




**НАЈСТАРО НАУЧНО МАТЕМАТИЧКО СПИСАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ОД ОВАА ГОДИНА ИЗЛЕГУВА СО ДВА БРОЈА ГОДИШНО







### Список на книги-збирки задачи кои можете да ги набавите

1. Меѓународен натпревар Кенгур 6-7 одделение 127 ден.
2. Меѓународен натпревар Кенгур 4-5 одделение 145 ден.
3. Меѓународен натпревар Кенгур 8 одделение 127 ден.
4. Меѓународен натпревар Кенгур 1-2 година 127 ден.

За подетални информации посетете ја нашата веб страна

**www.smm.org.mk / www.smm.com.mk**










### Список на книги-збирки задачи кои можете да ги набавите

5. Сигмина Ризница (подготвителни задачи за математички натпревари) 200 ден.
6. Сигмина Ризница (рубрика задачи 1006-1260) 170 ден.
7. Сигмина Ризница (конкурсни задачи 1-192) 160 ден.
8. Меѓународен натпревар кенгур I-V одделение деветолтка, 1994-2011 160 ден.
9. Решавање текстуални задачи 170 ден.
10. Натпревари по математика во основно образование 2012/2013 120 ден.
11. Натпревари по математика во средно образование 2012/2013 120 ден.
12. Идентични трансформации 180 ден.
13. Славни математичари 200 ден.
14. Библиотека олимпијади - Mathematical olympiads 2013 80 ден.

За подетални информации посетете ја нашата веб страна

**www.smm.org.mk / www.smm.com.mk**